Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје
Факултетско студентско собрание
Бр. 25-1081/4
1.10. 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на чл. 63 од Статутот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје при УКИМ и чл. 11 од Статутот на Факултетското студентско собрание, Факултетското студентско собрание едногласно донесе

ОДЛУКА
за заменик-студентски правобранител
**Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје**

I. За заменик-студентски правобранител се избра Бусе Асанова, редовен студент на прв циклус студии на студиската група Англиски јазик и книжевност.

Мандатот на именуваната е во времетраење од 2 години, без можност за реизбор.

**Образложение**

Согласно горенаведените одредби, Факултетското студентско собрание со Одлука бр. 25-1081/1 од 11.9.2020, распиша Конкурс за избор на заменик-студентски правобранител на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. Во предвидениот рок од 7 дена, објавен во Конкурсот, се пријави еден кандидат, Бусе Асанова, редовен студент, која согласно одредбите од Конкурсот, ги исполнува условите.

Изборната комисија на закажаната седница на Факултетското студентско собрание, одржана на 28.9.2020 г., откако се констатира дека има кворум, спроведе тајно гласање на платформата adoodle. Од 21 член на Факултетското студентско собрание, правото на глас го остварија 20 членови, бидејќи еден член, поради технички проблеми, задоцни и не успеа да го оствари своето право на глас во дадениот временски рок.

Кандидатката Бусе Асанова доби 20 гласа ЗА и ниеден ПРОТИВ, со што таа беше избрана за заменик на студентски правобранител на Филолошки факултет ,,Блаже Конески" со мандат од две години.

II

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб-страницата на Факултетот во предвидениот рок.

III

Примерок од Одлуката да се достави до именуваната, до Факултетското студентско собраниеи до Архивата на Факултетот.

Претседател на Факултетското студентско собрание
на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" - Скопје
Софија Ставреска

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески" студентско собрание
ФЛФ